

*ПАТРИМОНИУМ.МК, година 9, број 14 / 2016*
УДК: 271.2-526.7-36

Александар ГУЛЕВСКИ

# СРЕБРЕНА КУТИЈА СО МОШТИТЕ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ОД МАНАСТИРОТ СВ. НАУМ ОХРИДСКИ ВО РИЗНИЦАТА НА БИТОЛСКАТА МИТРОПОЛИЈА*

**Клучни зборови**: *св. Климент Охридски, св. Наум Охридски, сребрена кутија, мошти*

***Апстракт:*** *Во Летописот на манастирот Св. Наум Охридски - кој потекнува од последната четвртина на XIX век - во пописот на движниот имот на манастирот, стои дека во еден голем железен ковчег што се наоѓал во припратата на манастирската црква биле чувани неколку вредни предмети, меѓу кои и една сребрена кутија со мошти на св. Климент Охридски. Оваа сребрена кутија е пронајдена во 2005 г., во нишата на ѓакониконот на црквата Св. Никола во Крушево и донесена на чување во ризницата на Битолската Митрополија. Врз основа на низа детали претставени на сребрената кутија, како и врз основа на натписите што се врежани во неа, може да се заклучи дека, несомнено, станува збор за сребрена кутија со мошти на св. Климент Охридски од манастирот Св. Наум Охридски во Охрид.*

Во *Летописот на манастирот Св. Наум Охридски*, кој потекнува од последната четвртина на XIX век, во пописот на движниот имот на манастирот, направен во 1877 година, по лично барање на тогашниот игумен Никифор (1876-1878), стои дека во еден голем железен ковчег што се наоѓал во припратата на манастирската црква биле чувани следниве вредности: една сребрена кутија за евхаристија и кутија со моштите на св. Матрона, сребрена кутија со моштите на св. Кирик и Јулита, иста таква кутија со дел од моштите на св. Климент. Потоа кутија со мошти од разни светци, уште една кутија со мошти од разни светци, сребрена кутија со раката на св. Марина и две кутии во филигран со мошти од разни светци.[1]

Во текот на Првата светска војна, поточно во 1918 година, некои од овие предмети биле земени од манастирот Св. Наум Охридски и однесени во Бугарија од тогашниот директор на Народниот музеј во Софија, Богдан Филов.[2]

Некои од предметите од пописот спомнат во *Летописот*, биле неколку пати презентирани пред научната јавноста: сребрената дарохранилница со претстава на седмочислениците и сребрената кутија со моштите на св. Кирик.[3] Овие предмети денес се наоѓаат во Националниот историски музеј во Софија.[4]

Во текстот што следува, ќе се задржиме на уште една вредност посочена во пописот спомнат

* Англиската верзија на овој текст е презентирана на Третата меѓународната конференција „Education across borders“, организирана од страна на падагошките факултети од Битола, Лерин и Корча, а одржана во Битола на 6 и 7 октомври о.г., по повод одбележувањето на јубилејот 1100 од упокојувањето на св. Климент Охридски. Зборникот од конференцијата во кој треба да се најде англиската верзија на овој текст е во печат.

[1] Н. Целакоски, Летописот на манастирот Св. Наум Охридски, *Наум Охридски*, Охрид 1985, 41

[2] Ѓ. Димовски-Цолев и Ѓ. Грамосли, *Документи за оштетувањата и грабежите на цркви и манастири на територијата од Македонија во Првата светска војна*, Битола 1985, 46, 53; И. Гергова, Поствизантийски охридски паметници в националния музей в София*, Зборник за средновековна уметност*, 5, Скопје 2006, 55-67

[3] T. Matkieva-Lilkova, *Objets de culte du fonds du Musée National Historique*, Sofia 1995, 58, 66 (fig. 55, 57); Р. Лозанова, Дарохранителница от манастира Св. Наум край Охрид, *Известия на НИМ*, 13, София 2003, 306-313; Е. Генова, *Църковните приложни искуства от XV-XIX век в Бъларият*, София 2004, 121-122; И. Гергова, нав. дело, 55-67; *National Museum of History* (Catalogue), Sofia 2006, 135 (fig. 135). Корисна литература за оваа проблематика ми посочи д-р Викторија Поповска Коробар, за што овде уште еднаш ѝ се заблагодарувам.

[4] Сребрената дарохранилница со претставата на седмочислениците е заведена под Инв. бр. 29114, а сребрената кутија со моштите на св. Кирик под Инв. бр. 29193. Види: T. Matkieva-Lilkova, нав. дело, 58, 66 (fig. 55, 57)

во *Летописот*. Тоа е сребрената кутија со моштите на св. Климент Охридски. Таа е пронајдена во нишата на ѓакониконот во олтарскиот простор на црквата Св. Никола во Крушево. Потекнува од манастирот Св. Наум Охридски, а денес се наоѓа во ризницата на Битолската Митрополија (сл. 1).[5]



*сл.1.*

Сребрената кутија со моштите на св. Климент е со димензии: 21 см должина, 13 см широчина х 16 висина. Таа има правоаголна форма и издигнат профилиран капак (сл. 2). Аглите на кутијата се изведени во вид на столпчиња, кои во долниот дел завршуваат во вид на ногарки.

Во средината на капакот, во медаљон формиран од два лачно извиткани листа на акант, претставен е модел на двокуполна црква, зад која веројатно се наоѓа камбанарија или дел од манастирски конаци (сл. 3). Внатрешноста на правоаголната рамка во чија средина се наоѓа медаљонот е декорирана со два разлистани цвета на здравец (*лат.* geranium macrorrhizum), на кои се забележуваат траги од позлата.



*сл 2.*

Под средишната правоаголна рамка се протега профилирана лента, која во внатрешноста е декорирана со испреплетени лисја на акант, во голема мера стилизирани. Лентата е на секоја од четирите страни украсена со мал детал - школка. Најдолната профилирана лента на капакот е украсена на сличен начин како и претходната, со тоа што во нејзиниот средиштен дел, на секоја од четирите страни се претставени симболите на евангелистите: ангел (без легенда), орел (IGƆ) (сл. 4), лав (МК) и бик (Λ), кои се делумно позлатени.

На предниот дел на сребрената кутија во два медаљона формирани од стилизирани лисја на акант и цветови на јилдиз (*лат.* asteraceae Dahlia), претставени се во цел раст два светители: лево св. Наум (О [А]ГIОς NАОYМ), а десно св. Климент (О [А]ГIОς КΛНМНς) (сл. 5). Св. Наум со десната рака благословува, а во левата држи одвиткан свиток на кој се напишани неколку букви со нејасно значење (сл. 6). Св. Климент е претставен до св. Наум, тој со десната рака благословува, а во левата држи затворено Евангелие (сл. 7). Облечен е во облека со епископски инсигнии. Траги од некогашната позлата се забележуваат на легендите

[5] Сребрената кутија со моштите на св. Климент и на св. Евстатиј, во црквата Св. Никола во Крушево, на 29 мај 2005 година ја забележал митрополитот преспанско-пелагониски г. Петар, кој ја пренел на чување во ризницата на Битолската Митрополија, каде и денес се наоѓа.



*сл 3*



*сл 4*



*сл 5*

и врз ореолите на светителите, како и на цветовите што ја формираат рамката на медаљонот.

Во средината на медаљонот формиран од стилизирани листови на акант, на двете бочни страни на сребрената кутија претставен е по еден подврзан букет од јилдиз. На ист начин е решена и задната страна, со тоа што тука се претставени два медаљона со по еден подврзан букет во нив (сл. 8).

Во внатрешноста на сребрената кутија, на рамна сребрена плоча, направени се три отвори во кои се сместени мошти на св. Климент и на св. Евстатиј (сл. 9). До секој отвор стои легенда, која објаснува од кој светител се моштите. Во средината на сребрената плоча се наоѓа аплициран сребрен крст, декориран со оскудна гранулација Лево и десно од крстот, врз сребрената плоча се изгравирани листови од некое цвеќе (сл. 10).

Над најголемиот отвор за мошти во долниот дел на сребрената плоча, изгравирана е следнава легенда: ΜΕΡΟς ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΚΛΙΜΕΝΤΟς.[6] Оваа легенда се појавува и над отворот за мошти кој се наоѓа во горниот лев агол на сребрената плоча (сл. 11). Наспроти него, во горниот десен агол на сребрената плоча, стои легендата: ΜΕΡΟς ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΕΥ[ς]ΘΑΘΙΟΥ [7] (сл. 12).

Под отворот во кој се сместени моштите на св. Климент се наоѓа следниов натпис: ΤΟ ΠΑΓΟΝ ΕΓΕΝΕ ΤΟ ΕΠΙ ΤΟΝ ΗΜΕΡѠΝ ΤΟΥ ΠΑΝ ΗΓΟΥΜΕΝΟΥ ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΝΑΟΥΜΟΥ ΣΕΡΑΦΕΜ ΙΕΡ. 1838 ΔΕΚΒΡΟΥ 10 [8] (сл. 13).

Од овој натпис дознаваме дека сребрената кутија со моштите на св. Климент и на св. Евстатиј потекнува од манастирот Св. Наум Охридски и дека била направена во 1838 година, на 10 декември, во времето на игуменот Серафим.

Игуменот Серафим I бил родум од охридското село Велгошти. Рано останал вдовец и се замонашил во манастирот Св. Петка во Велгошти. Бил побожен и чесен и на соодветна возраст, а се одликувал со лична строгост и слаба писменост.[9] Со Наумовиот манастир, Серафим I почнал да управува од 1835 година. Дванаесет години бил игумен на манастирот и во негово време, како што се вели во *Летописот*, не останало ништо ненаправено. Игуменот Серафим I умрел во 1847 година и бил погребан во манастирот Успение на Богородица во с. Јанковец.[10]

На сребрената кутија со моштите на св. Климент не се среќаваат никакви податоци за мајсторот што ја изработил. Меѓутоа, според материјалот од кој е изработена, начинот на изработката, иконографските детали, изборот на све-

---

[6] **Превод**: Дел од свети Климент.

[7] **Превод**: Дел од свети Евстатиј.

[8] **Превод**: Овој кивот е направен во деновите на пан-игуменот на Свети Наум, Серафим јеромонахот, во 1838, на 10 декември.

[9] Н. Целакоски, нав. дело, 49. Овој игумен се спомнува и во *Охридскиот митрополиски кодекс*. За ова види кај: С. Ристески и Г. Ангеличин-Жура, *Охридски митрополиски кодекс*, Охрид 2005, 17

[10] Н. Целакоски, нав. дело, 49



*сл 6.*



*сл 7.*



*сл 8.*

тителите и флоралната декорација, таа има најголема сличност со сребрената кутија со моштите на св. Кирик од истиот манастир, со која е и хронолошки најблиска.[11] Па така, ако се спореди натписот од сребрената кутија со моштите на св. Климент со натписот изгравиран на дното на сребрената кутија со моштите на св. Кирик од манастирот Св. Наум (1837), станува јасно дека овие две кутии се изработени во временско растојание од неполна година. Од натписите дознаваме дека нарачателот на двете сребрени кутии е иста личност, тогашниот игумен на манастирот, јеромонахот Серафим I (1835-1847).

Во поглед на претставените светители на предната страна, двете сребрени кутии покажуваат голема сродност. На нашата кутија св. Наум и св. Климент (сл. 5) се претставени во медалјони, а на кутијата со моштите на св. Кирик - св. Наум, св. Кирик и св. Климент се претставени помеѓу лаци. Просторот зад нив и во медалјоните и во лаците е идентично решен, со шрафирање. Вообичаено било на предниот дел или на капакот на ваков тип на сребрени кутии да се претставува светецот чии мошти се наоѓале внатре, како и патронот на црквата во која се чувала кутијата со моштите.[12]

[11] На сребрената кутија со моштите на св. Кирик од манастирот Св. Наум Охридски, натписот е изгравиран на дното на кутијата и гласи: ΔΙΑ CΥΝΔΡΟΜΗς ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΗΓΟΥΜΕΝΟΥ CΕΡΑΦΕΙΜ ΙΕΡΟΜΟΝΑΧΟΥ ΤΗς ΑΓΙΑς ΜΟΝΗς ΤΟΥ ΑΓΙΟΥ ΝΑΟΥΜ ΤΟΥ ΘΑΜΑΤΟΥΡΓΟΥ ΤΗς ΑΧΡΗΔωΝ 1837 ΙΟΝΙΟΥ 18. **Превод**: СО ПОМОШ НА СВЕТИОТ ИГУМЕН СЕРАФИМ ЈЕРОМОНАХОТ, НА СВЕТИОТ МАНАСТИР НА СВЕТИ НАУМ ЧУДОТВОРЕЦ ОХРИДСКИ, 1837, ЈУНИ 18. Види: И. Гергова, нав. дело, 63-64

[12] За ова види кај: Е. Генова, Култът към мощите и мощехранителниците в Рилския манастир, *Проблеми на искуството*, 4, София 2000, 38-39



*сл 9.*



*сл 10.*

Фигурите и ликовите на светителите се слично третирани, со тоа што на нашата сребрена кутија може да се забележи настојувањето на златарот-гравер ликовите да ги изработи попластично и со пореални портретски особености. Охридските светители Климент и Наум, на двете кутии се претставени на речиси идентичен начин. Голема сличност се забележува и во решавањето на стилизираната флорална декорација на капакот и на страничните делови, како и во профилираните агли во вид на столпчиња.

Меѓутоа, особено внимание привлекува начинот на кој е претставен моделот на црквата врз капакот на двете кутии. Тоа е, всушност, стилизирана претстава на Наумовата манастирска црква, покрај Охридското Езеро. Овој модел е претставен и во венецот на дарохранилницата со претстава на седмочислениците од истиот манастир од 1833 година.[13]



*сл 11.*



*сл 12.*

Образецот за ваквото претставување на Наумовата манастирска црква можел да биде побаран во иконописот на манастирот Св. Наум Охридски. Тука, пред сè, мислиме на престолната икона Св. Наум и св. Климент, дело на Константин Зограф од 1711 г., на која св. Наум е претставен со моделот на својата црква во левата рака.[14] Во третманот, пак, на стилизираната флорална декорација, кај двете сребрени кутии се забележува влијание-

---

[13] И. Гергова, нав. дело, 62, 63

[14] Ц. Грозданов, *Свети Наум Охридски*, Скопје 2004, 103-104



*сл 13.*

то од графиката Св. Наум на Христифор Жефарович.[15]

Сево ова укажува дека сребрената кутија со моштите на св. Климент и сребрената кутија со моштите на св. Кирик најверојатно биле изработени во иста златарско-граверска работилница или од ист мајстор.

Иако некои проучувачи алудираат дека автор на сребрената кутија со моштите на св. Кирик е Георги Стиати од Каларитес, кој е автор на сребрената дарохранилница со претстава на седмочислениците од манастирот св. Наум[16], според наше мислење, станува збор за друг мајстор и за друга златарска работилница. Авторот на нашата сребрена кутија, а наедно и на сребрената кутија со моштите на св. Кирик, можеби треба да се бара во ликот на крушевскиот златар Тома Сидер, кој го изработил сребрениот опков за Евангелие од манастирот Симонопетра (Света Гора) од 1849 година[17], а кое покажува голема сличност во рококо начинот на третирање на флоралните елементи со нашата сребрена кутија.

Треба да се напомне, дека правоаголната форма на сребрената кутија со моштите на св. Климент и на св. Евстатиј е традиционална и широко распространета на Балканот во XIX век. Флоралната декорација со која е декорирана е исто така вообичаена.[18]

Според кажувањето на локалното население во Крушево. Сребрената кутија со моштите на свети Климент Охридски била често пати давана да се чува во оние куќи во Крушево, во кои имало некој болен, со цел присуството на моштите на светителот да донесат исцеление на болниот.

На крај, останува нејасно, зошто, како, кога и од кого сребрената кутија со моштите на св. Климент Охридски била донесена во црквата Св. Никола во Крушево. Овие неодговорени прашања можат да бидат интересна тема за некои идни истражувања, поврзани со оваа сребрена кутија.

---

[15] А. Гулевски, Графиката Св. Наум (1743) од Христифор Жефарович од Битолската митрополија, *Пелагонитиса*, 16-20 (2005-2008), Битола 2008, 55-70

[16] И. Гергова, нав. дело, 64.

[17] *Treasures of Mount Athos*, Thessaloniki 1997, 376-377 (fig. 9.40).

[18] Е. Генова, нав. дело, 89-98, 121.

Aleksandar GULEVSKI

# THE SILVER BOX CONTIANING THE RELICS OF ST. CLEMENT OF OHRID FROM THE MONASTERY OF ST. NAUM OF OHRID IN THE TREASURY OF BITOLA METROPOLIS

*Summary*

**Key words:** Saint Clement of Ohrid, reliquary, relics, silver decoration

In the *Chronicle of the Monastery of St. Naum of Ohrid*, which originates from the last quarter of the 19th century, in the list of monastery's movable property, it is stated that in a big iron casket placed on the monastery church porch, among other valuables, the silver box with part of the relics of Saint Clement of Ohrid is kept. This silver box was detected in the chancel of the Church Saint Nicholas in Krusevo in 2005 and brought to Bitola Metropolis. According to the series of details presented in the silver and based on the inscription written on the silver box, we can conclude that it is actually the silver box containing the relics of Saint Clement of Ohrid, once kept at the Monastery Saint Naum in Ohrid.